1.157.4.19/67-68



БИТОЛСКИ ОБЛАСТЕН
НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР
СЕКРЕТАРИЈАТ
Бр. 360
25.XI.1944 г.
гр. БИТОЛА

ДО СИТЕ
ОКОЛИЙСКИ И ГРАДСКИ НАРОДНО
ОСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ
ВО ОБЛАСТА

I.

Во врска со расписот на Президиумот, и пойавените случаи на несавесни противнародни пойави на шпекула, НОО-и дойдойа во положение да требе да превзимат мерки против тие противнародни елементи. Да не би се дошло во положение на двоуменийе во определуванийе на мерките потребно е да се има следното предвид:

Основно во тайа работа е да не се застрани од линийата на Н.Осл.Борба, да не се секташи. На сета работа за сузбийане на несавесното шпекулисванийе требе да се даде исправна политичка садржина. Потребно е да тие наши НОО-и разберат да денешната Народно-демократска власт никако не оди на тоа да йа угуши часната иницийатина во трговийата, ами напротив требе да влага сите сили за нейно развиванийе. Требе од корен да се искуби секаков секташки став на пойедини НОО-и кои ке се обзират на неопходноста од Народното единство, како шо и нейкйат да схватат да е часната иницийатива во трговийата една неопходност од голема важност за правилното развивайне на економскио живот.

Но наедно со тоа требе да се знае и тоа, да народно-демократската власт е чврста решена да секойе несавесно богатейне на рачун на крвта и коските на най-арните синой од нашио народ, кой се борел и се борат, за слободата и по арен живот на нашио народ, да таква противнародна работа ке биди скршена безмилосно во самото начало. Наредбите кой ги дават НОО-и, се наредби на нашо народ и тие требе абсолутно да се поштуйат и помагат во спроведуванийето во живот. Така, и наредбите на власта, за по скоро воведуванийе на редовен стопански живот требе да бидат разбрани и подпомогнати од целио народ, а на прво место трговците. Той е нездраво положение штета многу за отваранийето на народното единство. По такво положение сносат кривици еден дел од трговците. Но то незначи да сите трговци се такви и да е потребно да се неразположението на широките маси односи и на чесните трговци. Ето зашто се налага, како неодложна задача пред сите НОО-и а на прво место на градските, упорна и исправна политичка работа со трговците. Во тайа цел да се одма свикат општи и браншови конференции со трговците. На нив да се изнесе правилно линийата на Народно-ослободителната борба, да се изнесе ставот на народно-ослободителната власт по трговийата и да се даде позив на трговците за по активно участие во изградуванийето на државата.

II.

Во духо на чл.12 од решението на Президиумо на АСНОМ од 20 октомври 1944 год. со кое се испратени напатствийата и во дополнение на наредбата на овой одбор испратена до сите Околийски и градски Народно-ослободителни одбори под Бр.63 од 13 ноември 1944 год. до издаванийето на редовни закони за целата наша држава, се наредува следното:

1. Секой кой што не декларира во определенио срок стоки и други предмети, за кой е наредено декларирайне ке се казни: а/ ако стойноста на сите скриени стоки и др.предмети е до 10.000 лева-десет хилйади лева, со парична казна: од 1000-хилйада до 2.000.000 два милиона лева.

Со истата казна ке се казни и онай кой што продава стоки по цени по големи од определените/нормираните/ ако разликата меѓу нормираните и продадените цени на фатените стоки е општо до 2000 лева.

2. Ако стойноста на скриените стоки надминува сумата 10.000 лв. а на непозволената печалба сумата 2000 лв. нарушитело ке се казни со парична казна од 10.000 лева до 10.000.000 лева. Освен тева нарушитело за такви случайи ке се лиши од слобода и ке се држи во притвор до установйаванетo на редовен суд, кой ке го суди како народен неприйател по закон кой ке биди по доцна издаден од АСНОМ односно Президиумот на АСНОМ. Решенийе за лишавайне од слобода донесува Председникот на Судскиот отдел на основа на акто за нарушенийето саставен од Управнио отдел, кой акт се предава во препис на Судскио отдел. Лишавайнето од слобода и издавайнето на решение за истото треба да се изврши во срок од 24 сати след констатирането на нарушението. Препис от решението се предава на нарушителo при лишаванийето му од слобода.

Големината на паричната казна во горните граници ке се определи според особените условиийа на секой конкретен случай,имайки пре вид стойноста на скриените стоки односно големината на непозволената печалба и материйалното положение на нарушителѕ.

Овие казни ке ги изрекува Прочелнико на Управнио отдел при саответнио околийски или градски НОО во полза на Народно-ослободителнио фронт.

3. Сите претресуванийа по кукйи и други просторийи за изнайдувайне на скриени стоки ке се вршат по писмена наредба од Управнио отдел за секой отделен случай,кой се дава во препис на заинтересуванийо или неговийо заменик преди да почне претресувайнето.При претресувайнето треба да присаствуват двайца грагйани-свидетели.Ако се найдат скриен стоки ке се напрай протокол вб кой ке се забележат количеството и цената на найдените предмети/стоки/,каде се и при кого найдени и дата на претресувайнето.Истиб протокол ке го подпишат двайцата грагйани,лицето койе е овластено од одборо да прай претресувайне и нарушителѕ.Ако последнио нейки да подпиши,ке го подпиши той што врши претрес во присаствието на грагйаните-свидетели,со забелешка,оти нарушитело нейки да подпиши.

4. Ако заинтересуванийо не е доволен,од решението или действийата на органите на власта,изложени во точка 1.2.и 3 той има право да се жали против истите на Областнио НОО во срок од осум дена од саопштението на решенийето,односно действийата.Жалбата не одлага извршувайнето/чл.88 од напатствийата/.

5. Горните казни и мерки ке се применат незабавно доколко до сега не се применени за сите случайи на нарушенийа,кой се утврде до добивайнето на ова наредба во околийскио односно градскио НОО.Сите решенийа кой се издадени или ке се издадат од вас за тийе случайи треба да се испракйат незабавно во препис за овай НОО одбор.

III.

Секой НОО кой е нарекол казна за шпекулата треба одма широко да разгласи на народо за земеното решенийе.Во тайа цел да се издават "Обйави" кой треба да садаржат:

1. Мерките кой той НОО е зел за да даде на знанийе на трговците за патот по кой треба да одат за усилийата на народната-демокра власт да им помогни на трговците да разберат да е нивна должност,како и на целийо наш народ,да сите трговци во изградийата на државата и др. /напр.на 25.X.1944 год.одржана е конференцийа со трговците на койа йе изнесено после обйави писмени,наредби или др./.

2. Нарушенийата кой ги направили по некой трговци.Нивни иманийа.

3. Да се истакни колку голема штета имат за народот такво несавесно шпекулисанйе.

4. Да се упути позив до сето населенийе да помогни во заведувайне редовен економски живот и во борба против шпекулата.Натака треба йасно да се нагласи да кривицата на пойедини трговци не требе да се смагра да йе то кривица на сите трговци,како и да се повикат и самите трговци да станат против тийе несавесни свой колеги,кой го ~~ихатрит~~ срамат името.

Такви обйави да се испратат до сето население и во селата, како би виделе сите какви мерки зимат Народно-ослободителната власт.

IV.

Со приемайнето на ова наредба сите НОО да одма сазоват општа конференцийа на трговците,на койа за последен пат ке се повикат трговците да дават сите усилийа за средувайнето на економскио живот. На тайа конференцийа да се изнесе линийата на Народно-ослободителната борба,ставот на Народната власт по трговийата,како и мерките кой ги зима Народната власт против несавесните противнародни елементи./Како йе изнесено накратко во првио дел на овай распис/.Натаки да се даде тродневен срок да се пригйават сите стоки што не се пригйавени до сега и да за тоа време не се вршат претреси.Да се обйави на трговците да нема да се зимат никакви мерки против тийа кой доброволно декларират стоките Нагласаваме да йе важно да трговците разберат да Народната власт искрено се стара да заведе редовен економски живот и да мерките койи се зимат денес се во интерес на целийо наш народ.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

68

V.

Кога поминит тридневниот срок НОО-и да превземат истите мерки кой се нагласени во расписо на својата писмо II-дел. Нужно е да се знае да е потребна борбата против шпекулата да се засили уште повеке и да казните бидат се по строги. Нема ~~xxxx~~ никој веке оправдание да говори да не им йе йасно по тоа отношение. Против тийе кой стойат и натаки на противнародни позиций не треба да се има никаква милост.

VI.

Расписот мози да се прочита и на конференцийата со трговците.

Овай распис се односи само на трговски стоки а не и на земеделски производи.

СЕКРЕТАР, ПРОЧЕЛНИК, на Отдело: ПРЕДСЕДАТЕЛ,